

# ЗА ЗДРАВА ДЕТСКА НАСМЕВКА

Колку порано почнете да се грижите за детските заби толку поубава насмевка ќе има вашето дете кога ќе порасне. Грижата за забите почнува веднаш штом се појави првиот заб. Тие почнуваат да се појавуваат по шестиот месец од животот на бебето, и од тој момент четкањето на забите ќе биде ваша обврска сè додека тоа не се научи само да ги мие запчињата. Практикувајте ја оваа секојдневна навика и вашето дете ќе има убава насмевка и здрави запчиња. За сè што треба да знаете за хигиената на детските заби, одговор ни даде д-р Бљерта Зеќири Абдули, стоматолог од Клиничката болница „Аџибадем Систина“.

### КОГА ТРЕБА ДА ПОЧНЕ СО ЧЕТКАЊЕ?

Кога ќе ви се насмее првото запче, време е за орална хигиена. Прво се започнува со нега со мека крпа или газа, и треба да бидете сигурни дека забот е добро исчистен и од предната и од задната страна. Кога кај малото ќе израснат повеќе запчиња тогаш е време за четка со меки влакна. Четкањето на забите можете да го почнете со обична вода и полека да воведувате паста со флуор. Голема количина на паста може да создаде многу пена и детето да ја проголта.

### КОГА ПРВПАТ НА СТОМАТОЛОГ?

Веднаш штом никне првото запче или дојде првиот роденден вие треба да го однесете вашето малечко на стоматолог. Не плашете се, не е рано. Ако во минатото првата посета на стоматолог се препорачуваше по третата година, сега веќе не е така. Најчесто на таа возраст штетата е веќе направена со расипани заби и шуплини. Редовните посети на стоматолог не значат само поправање на забите туку и превентивни прегледи и интервенции кои се безболни и ќе го продолжат животот на забите кај најмладите. Не ја одложувајте посетата до првото расклатено запче. Често се случува млечното запче да не се клати, но никнува нов заб, најчесто крив поради недоволно место во забната низа.

### ШТО ДА ОЧЕКУВАТЕ ОД ПОСЕТАТА?

Претставете му го стоматолошкиот преглед како нешто забавно и возбудливо како знак дека тоа пораснало. Кажете му на вашето дете дека ќе брои, бои и ќе земе слики од неговите заби. Со објаснување на прегледот детето подобро ќе ја разбере посетата. Уверете го малечкото дека стоматологот и персоналот ќе бидат нежни и внимателни со него. Нашиот врвен тим стоматолози им посветува особено внимание на децата и се грижи за нивното дентално здравје. Сите интервенции се изведуваат внимателно со посебен пристап со цел да се победи стравот кај децата од стоматолог. За време на интервенцијата децињата може да го гледаат својот омилен цртан филм, а за најхрабрите следуваат специјални пломби со светки во најразлични бои.

### НАЈЧЕСТИ ГРЕШКИ ШТО ГИ ПРАВАТ РОДИТЕЛИТЕ

Само редовно четкање, здрава исхрана и стоматолошки посети се најдобрите начини да ја спречите појавата на кариес, но експертите велат дека многу родители паѓаат на овој испит. Еве ги најголемите грешки што ги прават родителите:

1. Децињата сами да ги четкаат забите
2. Го оставате детето да спие со шишето во уста
3. Премногу доцна го носите детето на прв стоматолошки преглед
4. Му нудите „здрава храна“
5. Сметате дека кариесот не е страшна работа
6. Не користите флуор
7. Му давате засладени сокови

Доколку и вие често ги правите овие грешки, тогаш веднаш однесете го вашето малечко на стоматолог. Тој ќе ве советува како правилно да се грижите за оралната хигиена на вашето дете и ќе го научи како самото да води грижа за тоа.

call center
02 3099 500
www.acibademsistina.mk